**20120150488**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Врз основа на член 51, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07), министерот за локална самоуправа, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ОЦЕНУВАЧИ И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за избор на оценувачи и се утврдува методологијата за оценување на планските документи за регионален развој.

Член 2

За спроведување на постапката за избор на оценувачи на планските документи за регионален развој се формира комисија составена од претседател и два члена од редот на високи раководни државни службеници во Министерството за локална самоуправа.

Член 3

Оценувачите се избираат по пат на јавен оглас.

Огласот за избор на оценувачи на планските документи за регионален развој го објавува Министерството за локална самоуправа, најдоцна 15 дена од денот на формирањето на комисијата за спроведување на постапката за избор на оценувачи.

Огласот за избор на оценувачи на планските документи содржи:

- Назив на органот кој го распишува конкурсот,
- Услови за избор на оценувачи,
- Областите од кои се избираат оценувачи,
- Рокот за доставување на пријави;
- Потребни документи за конкурирање и
- Адреса на која треба да се достават пријавите.

Огласот трае седум дена од денот на објавувањето и се објавува најмалку во два дневни весници, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски и на албански јазик.

Член 4

Изборот на оценувачи се врши во рок од 14 дена од денот на завршувањето на огласот.

Член 5

Комисијата за спроведување на постапката за избор на оценувачи ги разгледува сите пристигнати пријави по огласот.

Пријавите доставени по огласот се разгледуваат одделно и се утврдува исполнетоста на потребните услови и комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата.

Пријавата на кандидатот кој не ги исполнува условите за избор на оценувач или нема доставено комплетна документација, не се разгледува во понатамошната постапка.

По утврдувањето на исполнетоста на условите и комлетноста на документацијата, се прави список на кандидати по области, кои ги исполнуваат условите за избор на оценувач.

Комисијата води записник за својата работа во кој се внесуваат податоците за доставените пријави, комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата, бодирањето на кандидатите и други податоци од значење за спроведување на постапката за избор на оценувачи.

Член 6

Кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени за изборот на оценувачи се бодираат на следниот начин:

1) Степен на образование
- Магистер на науки - 4 бодови
- Доктор на науки - 8 бодови

2) Број и вид на објавени трудови и раководење со изработка на интердисциплинарни проекти:

а)стручни трудови
- Објавен стручен труд во домашно списание 0,25 бодови
- Објавен стручен труд во меѓународно списание 0,50 бодови
- Објавен учебник или монографија 1,00 бодови

б) научни трудови
- Објавен научен труд во домашно списание 0,50 бодови
- Објавен научен труд во меѓународно списание 0,75 бодови
- Објавена научна студија 1,00 бодови

в) раководење на тим за изработка на планови (развојни или просторни) или стратегии 3,00 бодови

3) Работен ангжаман:

- Раководна позиција (раководител на сектор, раководител на одделение, раководител на меѓународен проект управуван од меѓународна организација) - 2 бода

- Висока раководна позиција (државен секретар, државен советник, раководител во оддел во меѓународна организација, декан, шеф на катедра/институт/оддел во високообразовна или научна установа) – 3 бодови

- Извршител и тоа:
- Асистент- 1 бод
- Доцент- 2 бода

| | |
|---|---|
| - Вонреден професор- | 2,5 бодови |
| - Редовен професор- | 3 бодови |
| - Научен соработник- | 2 бода |
| - Виш научен соработник- | 2,5 бодови |
| - Научен советник- | 3 бодови |
| - Извршител во јавна администрација или меѓународна организација или на меѓународен проект- | 1 бод |

Член 7

При бодирањето на условот – број и вид на објавени трудови и раководење со изработка на интердисциплинарни проекти се бодираат:

- до 3 трудови со најголем број бодови
- до 3 раководења со тимови за изработка.

При бодирањето на условот – работен ангажман се бодира само една позиција од целокупниот работен ангажман, која е бодирана со најголем број бодови.

Член 8

Врз основа на добиениот број бодови, Комисијата за спроведување на постапката за избор на оценувачи подготвува бодовна листа на кандидатите по одделна област.

Одлуката за избор на оценувачи на планските документи ја донесува министерот за локалната самоуправа.

За оценувач се избира кандидатот кој добил најмногу бодови за областа за која се пријавил.

Член 9

Оценувањето на планските документи за регионален развој: Стратегија за регионален развој на Република Македонија и Програмите за развој на планските региони (во натамошниот текст: плански документи) се спроведува по областите од значење за регионалниот развој и тоа:

- просторно планирање
- социо-економски развој,
- техничка инфраструктура и
- животна средина.

Оценувањето на планските документи го координира оценувач од областа на стратешкиот менаџмент (во натамошниот текст:координатор).

Планските документи се оценуваат прелиминарно, тековно и завршно.

Член 10

Со прелиминарното оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија се оценува:

- Степенот на усогласеност со Просторниот план на Република Македонија, националниот развоен план и стратегиите и програмите во конкретни сектори донесени од Владата на Република Македонија;
- Степенот на усогласеност со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија и
- Степенот на кохерентност на документот.

Програмски документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија, во смисла на овој правилник, се подразбираат:

- Документите кои ги има донесено Владата на Република Македонија а се однесуваат на прашањата врзани за европската интеграција;
- Позначајните документи донесени од органите и телата на Европската Унија, а се однесуваат на регионалната и кохезионата политика;
- ИПА компонентите и
- Развојните одредници на Европската унија.

Позначајни документи, донесени од органите и телата на Европската Унија, во доменот на регионалната и кохезионата политика, во смисла на овој правилник, се:

- Лисабонска програма (Lisbon Programme 2006):
- Одлука на Европскиот совет за Стратешките основни напатствија (Council Decision 2006/702/EC of 6 October 2006 on Community strategic guidelines on cohesion [Official Journal L 291 of 21.10.2006] и
- Регулатива на Европскиот совет за донесување на општи мерки на Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Европскиот кохезионен фонд Council Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999.

Член 11

Со прелиминарното оценување на програмите за развој на планските региони се оценува:

- усогласеноста на целите, мерките и приоритетите на програмата за развој на планскиот регион со оние на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија и
- степенот на кохерентност на документот.

Член 12

Прелиминарното оценување на планските документи се врши согласно техниките за прелиминарно оценување содржани во Прилог : „Техники за оценување на планските документи за регионален развој“ кој е составен дел на овој правилник.

Член 13

Извештајот за прелиминарно оценување на Стратегијата за регионален развој содржи:

- Информации од прелиминарното оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи;
- Информации од прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската Унија;
- Информации од прелиминарно оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ;
- Заклучни согледувања;
- Препораки;
- Прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачите во однос на содржината на извештајот и
- Потписи на оценувачите.

Член 14

Извештајот за прелиминарното оценување на програмите за развој на планските региони содржи:

- Информации од прелиминарното оценување на степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој на Република Македонија;
- Информации од прелиминарно оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ;
- Заклучни согледувања;
- Препораки Прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачите во однос на содржината на извештајот и
- Потписи на оценувачите.

Член 15

Извештајот за прелиминарното оценување на планските документи се заснова на следните принципи:

- Релевантност - да ги обезбеди информациите кои ќе послужат во донесувањето на одлуки; потребни на донесувачите на одлуките и другите клучни актери;
- Валидност – да обезбеди реални и избалансирани информации за реализацијата на планските документи;
- Проверливост – да содржи доказ дека заклучоците не се базирани на информации добиени преку непрецизни или недоследни мерни процедури.
- Објективност – да ги презентира информациите и заклучоците на комплетен и непристрасен начин;
- Применливост – да обезбеди информации кои ке бидат корисни во процесот на подготовка на планските документи за наредниот плански период.

Член 16

Тековното оценување на планските документи се врши врз основа на:

- Извештаите од прелиминарното оценување;
- Годишните извештаи за спроведување на акциониот план на Стратегијата, односно годишните извештаи за спроведување на Програмите за развој на планските регион и
- Планските документи

За тековното оценување се идентификуваат појдовни показатели и показатели за реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалениот развој.

Појдовните показатели се идентификуваат во документите од ставот 1 на овој член, во оние делови, кои ја опишуваат состојбата пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ и кои ги опишуваат активностите кои треба да се превземат во функција на остварувањето на мерките.

Показателите за реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалениот развој се идентификуваат во документите од ставот 1 на овој член, во оние делови, кои ги опишуваат превземените активности во фукнкција на остварувањето на мерките и ефектите кои се добиени, до моментот, опишан во документот.

Оценувачите можат да ги користат сите документи од ставот 1 и показателите за тековно оценување, независно од тоа за која област се однесуваат.

Член 17

Тековното оценување на планските докумнети се врши согласно техниките за тековно оценување содржани во Прилогот од член 12 на овој правилник.

Член 18

Извештајот од тековното оценување содржи:

- Информација за тековно оценување на мерките во одделна област;
- Информација за тековно оценување на промените кои се направени во одделна развојна област;
- Заклучни согледувања;
- Препораки;
- Прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачи во однос на содржината на Извештајот и
- Потписи на оценувачите

Извештајот од тековното оценување се заснова на принципите од член 15 на овој правилник.

Член 19

При тековното оценување на планските документи се земаат предвид:

- Ефективноста на постигнатиот резултат (дали саканиот резултат се постигнал);
- Ефикасноста на постигнатиот резултат (колкав напор е потребен за постигнување на саканиот резултат);
- Адекватност во постигнувањето на резултатите (во која мерка постигнувањето на саканите резултати го решаваат проблемот);
- Еднаквоста тропоците и бенефициите (дали се трошоците и бенефициите еднакво дистрибуирани меѓу засегнатите групи) и
- Соодветноста на резулатите (дали резултатите ги задоволуваат потребите и вредностите на засегнатите групи).

Член 20

Завршното оценување на планските документи се врши врз основа на:

- Извештаите од тековното оценување;
- Годишните извештаи за спроведување на акциониот план на Стратегијата, односно, годишните извештаи за спроведување на Програмите за развој на планските региони и
- Планските документи.

За завршното оценување се идентификуваат појдовни показатели и показатели за реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалениот развој.

Појдовните показатели за завршното оценување се идентификуваат во документите од ставот 1 на овој член, во оние делови, кои ја опишуваат состојбата пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ и кои ги опишуваат активностите кои треба да се преземат во функција на остварување на приоритетите и целите.

Показателите за реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалениот развој се идентификуваат во документите од ставот 1 на овој член, во оние делови, кои ги опишуваат преземените активности во фукнкција на остварувањето на приоритетите и целите, како и ефектите до моментот опишан во документот.

Оценувачите можат да ги користат сите извори на информации и показатели за завршно оценување, независно од тоа за која област се однесуваат.

Член 21

Завршното оценување на планските документи се врши согласно техниките за завршно оценување содржани во Прилогот од член 12 на овој правилник.

Член 22

Извештајот од завршното оценување содржи:

- информација за постигнатоста на приоритетите;

- информација за влијанијата кои се остварени со спроведувањето на планскиот документ;
- мислење за степен на оствареност на целите на планскиот документ;
- заклучни согледувања;
- препораки;
- прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачите во однос на содржината на Извештајот и
- потписи на оценувачите.

Извештајот од завршното оценување се заснова на принципите од член 15 на овој правилник.

Член 23

При завршното оценување на планските документи се земаат предвид:

- Ефективноста на постигнатиот резултат (дали саканиот резултат се постигнал);
- Ефикасноста на постигнатиот резултат (колкав напор е потребен за постигнување на саканиот резултат);
- Адекватност во постигнувањето на резултатите (во која мерка постигнувањето на саканите резултати го решаваат проблемот);
- Еднаквоста тропоците и бенефициите (дали се трошоците и бенефициите еднакво дистрибуирани меѓу засегнатите групи) и
- Соодветноста на резулатите (дали резултатите ги задоволуваат потребите и вредностите на засегнатите групи).

Член 24

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-2664/1
15 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Невзат Бејта**, с.р.

**Прилог**

# ТЕХНИКИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Техниките за оценувањето на планските документи за регионален развој се дел од Методологијата за оценување на планските документи и се применуваат за прелиминарното, тековното и завршното оценување на планските документи за регионален развој

## I. ТЕХНИКИ ЗА ПРЕЛИМИНАРНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ

### 1. ТЕХНИКИ ЗА ПРЕЛИМИНАРНО ОЦЕНУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

#### *1.1* Техники за прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи на Република Македонија

**1.1.1.** Оценувањето на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи на национално ниво се прави во следниве одделни области:

- Демографски развој;
- Користење на природните ресурси и културното наследство;
- Економски карактеристики;
- Пазар на работна сила;
- Социјален развој;
- Инфраструктура и
- Животна средина

**1.1.2.** Оценувањето се спроведува врз основа на следниве показатели:

- Степенот на усогласеноста на мисијата на планскиот документ со мисијата на стратешките документи на национално ниво, кои ја покриваат соодветната област;
- Степенот на усогласеност на целите и приоритетите, во определената област, содржани во планскиот документ со целите и приоритетите, содржани во стратешките документи на национално ниво, кои ја покриваат соодветната област;
- Степенот на усогласеност на мерките кои се предлагаат за реализирање на одделен приоритет, во определената област, содржани во планскиот документ со мерките кои се предлагаат за реализирање на одделен приоритет, содржани во стратешките документи на национално ниво, кои ја покриваат соодветната област;
- Степенот на усогласеност на временските рамки кои се предлагаат во планскиот документ за постигнување на одредени ефекти со временските рамки кои се предлагаат за постигнување на одредени ефекти во

стратешките документи на национално ниво, кои ја покриваат соодветната област и

- Степенот на усогласеност на институциите и процедурите кои се предлагаат за имплементација на планскиот документ со институциите и процедурите кои се предлагаат во стратешките документи на национално ниво, кои ја покриваат соодветната област.

**1.1.3** При оценувањето, се даваат квалитативни описи, кои гласат:
- „воопшто нема усогласеност“,
- „има делумна усогласеност“ и
- „има целосна усогласеност“.

**1.1.4** Врз основа на спроведеното оценување , оценувачот подготвува мислење за степенот на усогласеност на планскиот документ со стратешките развојни документи во одделната област.

Во мислењето за степенот на усогласеност на планскиот документ со стратешките развојни документи во одделната област, оценувачот:
- дава заклучок од оценувањето,
- ги евидентира ситуациите, кога постои усогласеност на целите и приоритетите, но не и на мерките што се предлагаат за нивна реализација;
- дава препораки за клучните точки околу кои треба да се направи усогласувањето.

**1.1.5** Врз основа на мислењата на оценувачите, се подготвува Информација за степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи.

Информацијата за степенот на усогласеност на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

Информацијата за степенот на усогласеност на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи содржи:

- Заклучок од оценувањето;
- Препораки за идни усогласувања

## *1.2* Техники за прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската Унија

### 1.2.1 Прелиминарно оценување на степенот на усогласеност со документите кои ги има донесено Владата на Република Македонија а се однесуваат на прашањата врзани за европската интеграција

При оценувањето, се утврдува степенот на усогласеноста на мисијата, целите, приоритетите и мерките на планскиот документ со целите, приоритетите и мерките на документите кои ги има донесено Владата на Република Македонија а се однесуваат на прашањата врзани за европската интеграција

### 1.2.2 Прелиминарно оценување на степенот на усогласеност со позначајните документи донесени од органите и телата на Европската унија во доменот на регионалната и кохезионата политика

**1.2.2.1** При оценувањето на усогласеноста на планскиот документ со Лисабонската програма (Lisbon Programme 2006) се цени, дали планскиот документ е донесен со почитување на целите на Лисабонската програма.

- Цели на Лисабонската програма се:
  - Поддршка на знаењето и иновациите;
  - Креирање на Европа како поатрактивно место за инвестирање и работа и
  - Создавање на повеќе и подобри работни места.
  -

**1.2.2.2** При оценувањето на усогласеноста на планскиот документ со Одлуката на Европскиот совет за Стратешките основни напатствија (Council Decision 2006/702/EC of 6 October 2006 on Community strategic guidelines on cohesion [Official Journal L 291 of 21.10.2006) се цени дали планскиот документ е донесен со почитување на целите и приоритетите на Стратешките основни напатствија;

- Целите на Стратешките основни напатствија се:
  - Зајакнување на стратешката димензија на кохезионата политика, со цел да осигура дека приоритетите на заедницата се подобро интегрирани во националните и регионалните развојни програми и
  - Да са обезбеди спроведување на кохезионата политика и да го зајакне дијалогот во партнерство меѓу Заедницата, земјите членки и регионите и создавање на поделена одговорност меѓу нив.
- Приоритети на Стратешките основни напатствија се:
  - Подобрување на привлечноста на регионите и на областите во земјите членки;
  - Стимулирање на иновациите, претприемништвото и подобрување на пазарот на знаења и
  - Создавање на нови и подобри работни места

**1.2.2.3** При оценувањето на усогласеноста на планскиот документ со Регулативата на Европскиот совет за донесување на општи мерки на Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Европскиот кохезионен фонд Council Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999 се цени дали планскиот документ е донесен со почитување на целите на Регулативата.

- Целите на Регулативата се:
  - Конвергенција. Оваа цел вклучува помош на најмалку развиените земји членки и региони, а се со цел, да го достигнат побргу просекот на развиеност на ЕУ преку подобрување на условите за раст и вработување. Полето на активности се:
    - материјалниот и човековиот капитал
    - иновациите
    - општество базирано на знаење
    - прилагодливост на промени
    - животната средина и
    - административната ефикасност

- Конкурентност меѓу регионите и вработување. Оваа цел вклучува засилување на конкурентноста, вработувањето и атрактивноста на регионите, различни од најнеразвиените региони, преку:
  - економските и социјалните промени,
  - промовирање иновации,
  - промовирање претприемноиштво,
  - заштита на животната средина,
  - пристапност,
  - прилагодливост, и
  - развој на пазарот на трудот
- Европска територијална соработка. Оваа цел е насочена кон прекугранична, транснационална и меѓурегионална соработна и, исто така, кон промовирање на заеднички решенија кои опфаќаат:
  - меѓусоседски власти на полето на урбаниот, руралниот и крајбрежниот развој,
  - развој на економска соработка и создавање на мрежи на мали и средни претпријатија,
  - соработка базирана на истражувања, развој, животна средина, информатичко општество, превенција од ризици и интегрирано управување со водите

### 1.2.3 Прелиминарно оценување на степенот на усогласеност со ИПА компонентите

При оценувањето на усогласеноста со ИПА компонентите се цени дали Стратегијата е донесена со почитување на целите на ИПА компонентите;

ИПА компоненти, важни за оценување на планските документи се:

- Компонента 2 (прекугранична соработка);
- Компонента 3 (регионален развој);
- Компонента 4 (развој на човечки ресурси) и
- Компонента 5 (рурален развој)..

### 1.2.4 Подготовка на информација од прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија

Секој оценувач од експерстката група подготвува мислење за степенот на усогласеноста со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија кое треба да содржи:

- Анализа;
- Заклучни согледувања и
- Препорака за идно усогласување.

Мислењето подготвено од оценувачот се дава на консултативно разгледување на останатите оценувачи од експертската група, кои даваат забелешки.

Врз основа на мислењата и забелешките, се подготвува информација од прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за

регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Информација од прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија.ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

Информација од прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на Стратегијата за регионален развој со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија содржи:

- Аналитички дел;
- Генерални заклучоци од анализата и
- Препораки за идно усогласување

## *1.3* Техники за прелиминарно оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ

Оценувањето на степенот на кохерентност на планскиот документ се врши врз основа на следниве аспекти:

- Взаемна усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките;
- Квалитет на анализата на контекстот;
- Потенцијална ефективност на планскиот документ;
- Потенцијална ефикасност во спроведувањето на планскиот документ;

### 1.3.1. Оценување на взаемната усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките

Взаемната усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките се оценува по следниве индикатори:

- Усогласеност на стратешките цели со мисијата;
- Меѓусебна усогласеност на приоритетите во рамките на стратешката цел, односно, дека тие не противречат меѓу себе;
- Колку одделениот приоритет е во функција на остварување на стратешката цел;
- Ускладеност на мерките кои се предлагаат во рамките на одделниот приоритет , односно не противречат меѓу себе и
- Колку мерките кои се предлагаат во рамките на одделниот приоритет се во функција на негово остварување

### 1.3.2. Оценување на квалитетот на анализата на контекстот

Квалитетот на анализата на контекстот се оценува по следниве индикатори:

- Обем на покриеност на прашања во доменот на регионалниот развој во делот на анализа на состојбата;
- Постоење на заклучоци од анализата и нивна адекватност со истата;
- Поткрепеност на анализата со статистиката и информации и
- Корисност на анализата како појдовна точка за идно оценување

### 1.3.3 Оценување на потенцијалната ефективност на планските документи

Потенцијална ефективност на планскиот документ се оценува преку утврдување на степенот на влијание што го има врз

- Социо-економската сфера;
- Животната средина.

1.3.3.1. Утврдувањето на степенот на влијание што го има планскиот документ врз социо-економската сфера се врши преку подготвка на анализа од страна на оценувачот во областа која ја покрива.

1.3.3.2 Утврдувањето на степенот на влијание кое го има планскиот документ врз животната средина се врши преку пополнување на Матрица за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина:

| Област ► Приоритет▼ | Квалитет на воздух | Потрошувачка на вода | Квалитет на водата | Квалитет на земјата | Промена на биоразличноста | Потрошувачка на енергија | Климатски промени | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

Матрицата за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина е составена од колони кои ги означуваат најважните области во доменот на заштитата на животната средина и редови кои ги означуваат приоритетите содржани во планскиот документ.
Со вкрстувањето на редовите и колоните од Матрицата, се формираат квадрати во кои се бележи влијанието кое може да го изврши реализацијата на одделниот приоритет во соодветната област
Негативното влијание врз животната средина од остварувањето на одделните приоритети се одбележува со 2, 1 и 0, пришто 2 (високо и директно негативно влијание); 1 (средно и индиректно негативно влијание) и 0 (нема негативно влијание).
Индексот на влијание врз животната средина е кумулативно влијание на индикаторот, претставено преку збир на одделните вредности (збир на вредности во еден ред).

1.3.3.3 Оценувачот подготвува и резиме за потенцијалните влијанија на планскиот документ, но само за оние приоритети кои се во областа која тој ја покрива.

### 1.3.4. Оценување на потенцијалната ефикасност на планските документи

1.3.4.1 Потенцијална ефикасност во спроведувањето на планскиот документ се прави преку подготовка на резиме врз основа на Протокол за анализа на управувачките капацитети.
Како категории за оценување на потенцијалните управувачките капацитети се користат структуралните методи за креирање на јавни политики :

- Програмирање, кое се однесува на јасниот опис на интервенциите, транспарентно финансиско работење и прецизен опис на надлежностите и одговорностите за имплементација;
- Следење (мониторинг), што значи дека интервенциите мора да се следат а резултатите да се контролираат;

- Вреднување/оценување (евалуација), што значи дека влијанијата, достигнувањата и резултатите мора да се анализираат од страна на независен субјект и
- Партнерство, шно значи дека главните заинтересирани страни и клучни субјекти, мораат активно да бидат вклучени во подготовката и реализацијата на документот.

**1.3.4.2.** Протоколот за анализа на управувачките капацитети се состои од следниве индикатори:

А. Програмирање

| | |
|---|---|
| Дефинирање на различните субјекти | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- кои се тие;<br>- која е нивната улога во процесот на имплементација;<br>- кои се нивните надлежности и<br>- кој ги координира и контролира |
| Финансиско предвидување | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- изворот на финансирање (општина, држава или донација)и<br>- висината на средствата |
| Временски опфат | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- почетокот на имплементацијата на одредена мерка и нејзино завршување и<br>- за постоењето на приоритетна листа на остварување на одредени приоритети/мерки |

Б. Следење (мониторинг)

| | |
|---|---|
| Одговорност | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за субјектите кои се одговорни за следење и контролирање на имплементацијата на програмата |
| Постоење и типологија на индикатори за следење | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- постоењето на индикатори, нивниот опфат (дали се преопширни или соодветствуваат на конкретна мерка),<br>- хомогеноста на индикаторите (дали имаат за задача да покажат ист ефект или некаде покажуваат влијание на мерката а некаде се како резултат од неа) и |

| | |
|---|---|
| | - мерливост на индикаторите |
| Систем на собирање на информации | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за процесот на дистрибуција на информации заради следење на имплементацијата |

В. Вреднување

| | |
|---|---|
| Временска одреденост | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за почетокот на вреднувањето, кога се реализира периодичното вреднување и кога се реализира завршното вреднување |
| Субјекти на вреднување | Информации за субјектот кој треба да фо реализира вреднувањето и пред кого треба да се достави извештајот од вреднувањето |

Г. Партнерство

| | |
|---|---|
| Фази на вклученост | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, кога ќе се реализира партнерство (во процесот на програмирање, имплементација, набљудување или вреднување) |
| Субјекти | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, кои субјекти и кога ќе бидат вклучени како партнери |
| Методологија за партнерство | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, по кои критериуми е извршен или ќе се изврши изборот на партнери, кој го врши изборот и на каков начин ќе се вклучат |

## 1.4 Подготвување на информација од прелиминарното оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ

Секој оценувач од експерстката група подготвува мислење од прелиминарното оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ кое треба да содржи:

- Анализа;
- Заклучни согледувања и
- Препорака за идно усогласување.

Мислењето подготвено од оценувачот се дава на консултативно разгледување на останатите оценувачи од експертската група, кои даваат забелешки.

Врз основа на мислењата и забелешките, се подготвува информација од прелиминарно оценување на кохерентност на планскиот документ.

Информацијата за степенот на кохерентност на Стратегијата за регионален развој ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

Информацијата за степенот на кохерентност на Стратегијата за регионален развој содржи:

- Аналитички дел;
- Генерални заклучоци од анализата и
- Препораки за идно усогласување

## 2. ТЕХНИКИ ЗА ПРЕЛИМИНАРНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

### 2.1 Техники за прелиминарно оценување на степенот на усогласеноста на програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој

**2.1.1** Степенот на усогласеноста на програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој се оценува, врз основа на следниве показатели:

- Степенот на усогласеноста на мисијата на планскиот документ со мисијата на Стратегијата за регионален развој;
- Степенот на усогласеност на целите и приоритетите, во соодветната област, содржани во Програмата за развој на планскиот регион со целите и приоритетите на Стратегијата за регионален развој ;
- Степенот на усогласеност на мерките кои се предлагаат за реализирање на одделен приоритет, во определената област, содржани во Програмата за развој на планскиот регион со мерките кои се предлагаат за реализирање на одделен приоритет, содржани во Стратегијата за регионален развој, кои ја покриваат соодветната област;
- Степенот на усогласеност на временските рамки кои се предлагаат во Програмата за развој на планскиот регион за постигнување на одредени ефекти со временските рамки кои се предлагаат за постигнување на одредени ефекти Стратегијата за регионален развој, кои ја покриваат соодветната област и
- Степенот на усогласеност на институциите и процедурите кои се предлагаат за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион со институциите и процедурите кои се предлагаат во Стратегијата за регионален развој, кои ја покриваат соодветната област.

**2.1.2** При оценувањето се даваат квалитативни описи, кои гласат:

- „воопшто нема усогласеност“,
- „има делумна усогласеност“ и
- „има целосна усогласеност“.

**2.1.3** Врз основа на спроведеното оценување, оценувачот подготвува мислење за степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој, во дадената област, во кое:

- се дава заклучок од оценувањето врз основа на показателите

- се евидентираат ситуации, доколку постојат, на усկладеност на целите и приоритетите, но неусогласеност на мерките кои се предлагаат за нивна реализација и
- се даваат препораки за клучните точки околу кои треба да се направи усогласувањето.

Мислењето за степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој содржи:

- заклучок од оценувањето на усогласеноста во одделната област
- препораки за идно усогласување

**2.1.4** Врз основа на мислењата на оценувачите, се подготвува Информација за степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој.

Информацијата за степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

Информацијата за степенот на усогласеност на Програмата за развој на планскиот регион со Стратегијата за регионален развој содржи:

- заклучок од оценувањето;
- препораки за идни усогласувања

## *2.2* Техники за прелиминарно оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ

Оценувањето на степенот на кохерентност на планскиот документ се врши врз основа на следниве аспекти:

- Взаемна усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките;
- Квалитет на анализата на контекстот;
- Потенцијална ефективност на планскиот документ;
- Потенцијална ефикасност во спроведувањето на планскиот документ;

### 2.2.1. Оценување на взаемната усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките

Взаемната усогласеност на мисијата, целите, приоритетите и мерките се оценува по следниве индикатори:

- Усогласеност на стратешките цели со мисијата;
- Меѓусебна усогласеност на приоритетите во рамките на стратешката цел, односно, дека тие не противречат меѓу себе;
- Колку одделениот приоритет е во функција на остварување на стратешката цел;
- Усклaденост на мерките кои се предлагаат во рамките на одделниот приоритет , односно не противречат меѓу себе и
- Колку мерките кои се предлагаат во рамките на одделниот приоритет се во функција на негово остварување

### 2.2.2. Оценување на квалитетот на анализата на контекстот

Квалитетот на анализата на контекстот се оценува по следниве индикатори:

- Обем на покриеност на прашања во доменот на регионалниот развој во делот на анализа на состојбата;
- Постоење на заклучоци од анализата и нивна адекватност со истата;
- Поткрепеност на анализата со статистиката и информации и
- Корисност на анализата како појдовна точка за идно оценување

### 2.2.3 Оценување на потенцијалната ефективност на планските документи

Потенцијална ефективност на планскиот документ се оценува преку утврдување на степенот на влијание што го има врз

- Социо-економската сфера;
- Животната средина.

**2.2.3.1.** Утврдувањето на степенот на влијание што го има планскиот документ врз социо-економската сфера се врши преку подготвка на анализа од страна на оценувачот во областа која ја покрива.

**2.2.3.2** Утврдувањето на степенот на влијание кое го има планскиот документ врз животната средина се врши преку пополнување на Матрица за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина:

| Област ► Приоритет▼ | Квалитет на воздух | Потрошувачка на вода | Квалитет на водата | Квалитет на земјата | Промена на биоразличност | Потрошувачка на енергија | Климатски промени | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

Матрицата за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина е составена од колони кои ги означуваат најважните области во доменот на заштитата на животната средина и редови кои ги означуваат приоритетите содржани во планскиот документ.

Со вкрстувањето на редовите и колоните од Матрицата, се формираат квадрати во кои се бележи влијанието кое може да го изврши реализацијата на одделниот приоритет во соодветната област

Негативното влијание врз животната средина од остварувањето на одделните приоритети се одбележува со 2, 1 и 0, притшто 2 (високо и директно негативно влијание); 1 (средно и индиректно негативно влијание) и 0 (нема негативно влијание).

Индексот на влијание врз животната средина е кумулативно влијание на индикаторот, претставено преку збир на одделните вредности (збир на вредности во еден ред).

**2.2.3.4** Оценувачот подготвува и резиме за потенцијалните влијанија на планскиот документ, но само за оние приоритети кои се во областа која тој ја покрива.

### 2.2.4. Оценување на потенцијалната ефикасност на планските документи

**2.2.4.1** Потенцијална ефикасност во спроведувањето на планскиот документ се прави преку подготовка на резиме врз основа на Протокол за анализа на управувачките капацитети.

Како категории за оценување на потенцијалните управувачките капацитети се користат структуралните методи за креирање на јавни политики :

- Програмирање, кое се однесува на јасниот опис на интервенциите, транспарентно финансиско работење и прецизен опис на надлежностите и одговорностите за имплементација;
- Следење (мониторинг), што значи дека интервенциите мора да се следат а резултатите да се контролираат;
- Вреднување/оценување (евалуација), што значи дека влијанијата, достигнувањата и резултатите мора да се анализираат од страна на независен субјект и
- Партнерство, шно значи дека главните заинтересирани страни и клучни субјекти, мораат активно да бидат вклучени во подготовката и реализацијата на документот.

**2.2.4.2.** Протоколот за анализа на управувачките капацитети се состои од следниве индикатори:

А. Програмирање

| | |
|---|---|
| Дефинирање на различните субјекти | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- кои се тие;<br>- која е нивната улога во процесот на имплементација;<br>- кои се нивните надлежности и<br>- кој ги координира и контролира |
| Финансиско предвидување | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- изворот на финансирање (општина, држава или донација)и<br>- висината на средствата |
| Временски опфат | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- почетокот на имплементацијата на одредена мерка и нејзино завршување и<br>- за постоењето на приоритетна листа на остварување на одредени приоритети/мерки |

Б. Следење (мониторинг)

| | |
|---|---|
| Одговорност | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за субјектите кои се одговорни за следење и контролирање на имплементацијата на програмата |
| Постоење и типологија на индикатори за следење | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за:<br>- постоењето на индикатори, нивниот опфат (дали се преопширни или соодветствуваат на конкретна мерка),<br>- хомогеноста на индикаторите (дали имаат за задача да покажат ист ефект или некаде покажуваат влијание на мерката а некаде се како резултат од |

| | |
|---|---|
| | неа) и<br>- мерливост на индикаторите |
| Систем на собирање на информации | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за процесот на дистрибуција на информации заради следење на имплементацијата |

В. Вреднување

| | |
|---|---|
| Временска одреденост | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за почетокот на вреднувањето, кога се реализира периодичното вреднување и кога се реализира завршното вреднување |
| Субјекти на вреднување | Информации за субјектот кој треба да фо реализира вреднувањето и пред кого треба да се достави извештајот од вреднувањето |

Г. Партнерство

| | |
|---|---|
| Фази на вклученост | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, кога ќе се реализира партнерство (во процесот на програмирање, имплементација, набљудување или вреднување) |
| Субјекти | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, кои субјекти и кога ќе бидат вклучени како партнери |
| Методологија за партнерство | Дали, во колкав обем и какви информации дава планскиот документ за тоа, по кои критериуми е извршен или ќе се изврши изборот на партнери, кој го врши изборот и на каков начин ќе се вклучат |

### 2.2.5 Подготвување на информација од прелиминарното оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ

Секој оценувач од експерсткаta група подготвува мислење од прелиминарното оценување на степенот на кохерентност на планскиот документ кое треба да содржи:

- Анализа;
- Заклучни согледувања и
- Препорака за идно усогласување.

Мислењето подготвено од оценувачот се дава на консултативно разгледување на останатите оценувачи од експертската група, кои даваат забелешки.

Врз основа на мислењата и забелешките, се подготвува информација од прелиминарно оценување на кохерентност на планскиот документ.

Информацијата од прелиминарно оценување на кохерентност на планскиот документ ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

Информацијата за степенот на кохерентност на планскиот документ- содржи:

- Аналитички дел;
- Генерални заклучоци од анализата и
- Препораки за идно усогласување

## II. ТЕХНИКИ ЗА ТЕКОВНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ

Тековното оценување на планските документи се прави преку:

- Оценување на реализацијата на секоја мерка одделно и ефектите од неа;
- Оценување на промените кои се направени во одделна развојна област и

### 1.Оценување на реализацијата на мерката и ефектите од неа

Мерката се оценува од страна на оценувачот во чијашто област е мерката и опфаќа:

- Оценување на реализацијата на мерката и
- Оценување на ефектите од мерката

**1.1** Оценувањето на реализацијата на мерката вклучува:

- Пополнување на Образец за тековно оценување на реализација на мерката од плански документ и
- Подготовка на аналитичко резиме за реализацијата на мерката

**1.1.1** Образецот за тековно оценување на реализација на мерка од плански документ содржи:

- Развојна област:________________________________________
- Стратешка цел: ________________________________________
- Приоритет:___________________________________________
- Мерка:______________________________________________

| | планирано | Констатирана состојба | Датум кога е констатирана состојбата и извор на информацијата (да се наведе документот) |
|---|---|---|---|
| 1. Активности во рамките на мерката | | | |
| 2. Материјални ( вид и количина)средства и<br>3. Финансиски средства (висина, извори и начин на прераспределба) | | | |
| 4. Човечки ресурси (број на лица, институции од каде доаѓаат, стручна квалификација, одговорности) | | | |
| 5. Правни лица вклучени во реализацијата на активностите | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Институција одговорна за координирање на активностите | | | |
| 7. Институција одговорна за контрола на квалитетот на реализацијата на активностите | | | |
| **1** Ефекти од спроведувањето на мерката | | | |
| **2** Временска рамка за реализацијата на секоја одделна активност и за спроведувањето на мерката | | | |

**1.1.2** Оценувањето на ефектите од секоја мерка одделно, претставува утврдување на разликата меѓу состојбата пред отпочнувањето на реализацијата на мерката и состојбата која е констатирана при тековното оценување.

Доколку во временската рамка е предвидено крајниот ефект од реализацијата на мерката да се очекува после периодот за тековно оценување, предвиден во овој Правилник, тогаш се констатира состојбата и се даваат препораки за активностите кои треба да се преземат.

Доколку во временската рамка е предвидено ефектот од реализацијата на мерката да се оствари пред периодот за тековно оценување предвиден во овој Правилник,тогаш се констатира состојбата, се определува степенот на нејзината реализација, се наведуваат причината за нејзината нереализација, доколку е тоа констатирано и се даваат препораки.

**1.1.3** Врз основа на пополнетиот Образец и расположливите документи како извори на информации за тековно оценување, оценувачот подготвува аналитичко резиме, кое треба да ги содржи следниве точки:

- Опис на состојбата пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ а е врзано за реализација на мерката;
- Опис на диспаритетот меѓу она што е планирано и она што е констатирано како состојба, со давање на осврт кон причините, со забелешка дали наведените причини се лична проценка на оценувачот или е повикување на одреден извор на информации, со наведување на конкретниот извор;
- Давање на заклучок и препораки за идно дејствување.

**1.1.3 Подготовка на информација за тековно оценување на мерките во одделна област**

**Врз основа на оценувањето на реализацијата на мерката и оценувањето на ефектите од мерката се подготвуваат заклучоци и препораки.**

После извршеното оценување на мерката од страна на оценувачот во чијашто област е мерката, пополнетиот образец и аналитичкото резиме се доставуваат на консултативно разгледување на сите останати оценувачи

Оценувачите доставуваат заклучок до раководителот на експертската група, во којшто се наведуваат нивните констатации и забелешки на направената оценка на одделната мерка.

Врз на аналитичкото резиме и заклучоците по него се подготвува Информација за тековно оценување на мерките во одделната област, којашто ги обединува и усогласува информации за тековното оценување на секоја мерка одделно, со давање на генерално резиме за нивната усогласеност.

Информацијата за тековно оценување на мерките во одделната област ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

## 2.Оценување на промените кои се направени во одделна развојна област

Оценувањето на промените кои се направени во одделна развојна област се остварува низ:

- Оценување на промените во одделната развојна област од страна на оценувачот којшто ја покрива областа;
- Консултации и забелешки на оценувањето од страна на останатите оценувачи и
- Подготовка на Информација за промените кои се направени во одделната развојна област.

**2.1** Оценување на промените во одделната развојна област подразбира:

- Оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори и
- Генерално оценување на промените кои се направени во одделна развојна област

### *2.1.1 Оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори*

**2.1.1.1** Оценувањето на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори, претставува утврдување на промените кои настанале од моментот пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ до моментот на неговото тековно оценување.
Издвоени индикатори во одделна развојна област се оние индикатори врз основа на кои се изготвени секторски анализи за постојното ниво на развој на планските региони при изработката на планските документи.

**2.1.1.2** Оценувањето вклучува:

- Пополнување на Образец за тековно оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори и
- Подготовка на аналитичко резиме за реализацијата на мерката.

**2.1.1.3** Образецот претставува матрица, која е составена од колони, кои ги означуваат издвоените индикатори во одделна развојна област и редови, кои ги означуваат мерките кои се преземени и се содржани во планскиот документ

Вкрстувањето на редот и колоната, формира квадрат во кој се бележи влијанието кое го извршила мерката во соодветната област врз основа на издвоените индикатори.

Одбележувањето на влијанието се врши преку давање на следниве вредности: (2) е извршено големо влијание, (1) е извршено мало влијание, (0) нема влијание, (-1) има извршено негативно влијание и (-2) има извршено големо негативно влијание.

Индексот на влијание претставува резултат од вкупно остварениот резултат (збир кој го сочинуваат вредностите во еден ред) / максимално можниот резултат (2 x број на издвоени индикатори по област).

Образец за тековно оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори:

Развојна област: ____________________

| Издвоен индикатор во развојната област▶<br><br>Мерка▼ | 1. | 2. | 3. → | индекс |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

***2.1.1.4*** Врз основа на пополнетиот Образец за тековно оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори, оценувачот подготвува аналитичко резиме кое треба да содржи:

- Опис на состојбата во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори, пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ;
- Опис на разликата меѓу состојбата од алинеа 1 и таа што е констатирано како состојба при тековното оценување, со давање на осврт за причините за постојната состојба и за постоење на тенденција за подобрување или влошување на состојбата.
- Во освртот од алинеа 2 , треба да се наведат аргументи со забелешка, дали е лична проценка на оценувачот или е повикување на одреден извор на информации, со наведување на конкретниот извор и
- Давање на заклучок и препораки за идно дејствување.

### *2.1.2 Генерално оценување на промените кои се направени во одделна развојна област*

Врз основа на заклучоците и препораките кои произлегуваат од тековното оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, врз основа на издвоени индикатори, се подготвува аналитичко резиме за развојната област.

Во аналитичкото резиме се обединуваат и усклaдуваат оценките кои се однесуваат на промените кои се направени во одделна развојна област.

### *2.2.* Консултации и забелешки на оценувањето од страна на останатите членови на Комисијата

После извршеното оценување на развојната област од страна на оценувачот којшто ја покрива областа, аналитичкото резиме се доставува на консултативно разгледување на сите останати оценувачи
Оценувачите доставуваат заклучок до раководителот на експертската група, во којшто се наведуваат нивните констатации и забелешки на оценката.

### 2.3. Подготовка на информација за тековно оценување на промените кои се направени во одделна развојна област

Врз основа на оценувањето на промените кои се направени во одделна развојна област од страна на оценувачот којшто ја покрива областа и врз основа на консултациите и забелешките на оценувањето од страна на останатите оценувачи, се подготвува Информација за тековното оценување на промените кои се направени во одделна развојна област.

Информацијата за тековното оценување на промените кои се направени во одделна развојна област, треба да ги усклади оценувањата и да ги обедини препораките и заклучоците.

Информацијата за степенот на усогласеност на Стратегијата за регионален развој со стратешките развојни документи ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

## III. ТЕХНИКИ ЗА ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ

Завршното оценување се прави преку:

- Оценување на постигнатоста на приоритетите;
- Оценување на влијанијата кои се остварени со спроведувањето на планските документи

### 1. Оценување на постигнатоста на приоритетите

Оценување на постигнатоста на приоритетите, се прави преку:

- Оценување на постигнатоста на приоритетите од страна на оценувачот во чијашто област се приоритетите:
- Консултации и забелешки на оценувањето од страна на останатите оценувачи и
- Подготовка на Информација за постигнатоста на приоритетите.

### *1.1* Оценување на постигнатоста на приоритетите од страна на оценувачот во чијашто област се приоритетите

Оценувачот подготвува аналитичко резиме, кое треба да ги содржи следниве точки:

- Опис на состојбата пред отпочнувањето на спроведувањето на планскиот документ која се однесува на постигнувањето на одделен приоритет;
- Опис на диспаритетот меѓу она што е планирано и она што е констатирано како состојба, со давање на осврт кон причините, со забелешка дали наведените причини се лична проценка на оценувачот или е повикување на одреден извор на информации, со наведување на конкретниот извор;
- Опис на постигнатоста на приоритетите во областа која ја покрива оценувачот со осврт на остварените промени во областа.

### 1.2 Консултации и забелешки на оценувањето од страна на оценувачите

После извршеното оценување на постигнатоста на приоритетите од страна на оценувачот во чијашто област е приоритетот, аналитичкото резиме се доставува на консултативно разгледување на сите останати оценувачи

Оценувачите доставуваат заклучок до раководителот на експертската група, во којшто се наведуваат нивните констатации и забелешки на направената оценка на постигнатоста на приоритетот.

### 1.3 Подготовка на Информација за постигнатоста на приоритетите

Врз основа на аналитичките резимеа за одделените области и заклучоците по нив се подготвува Информација за оценување на постигнатоста на приоритетите.

Информацијата за за оценување на постигнатоста на приоритетите.
ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите.

## 2.Оценување на влијани кои се остварени со спроведувањето на планските документи

Оценувањето на влијанието на планскиот документ се прави преку утврдување на степенот на влијание кое тој го извршил врз:
- Социо-економската сфера и
- Животната средина.

2.1 Утврдувањето на степенот на влијание кое го извршил планскиот документ врз социо-економската сфера се врши преку подготвка на анализа од страна на оценувачот во областа која ја покрива

2.2 Утврдувањето на степенот на влијание кое го има планскиот документ врз животната средина се врши преку пополнување на Матрица за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина.

2.2.1 Матрицата за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина е составена од колони кои ги означуваат најважните области во

доменот на заштитата на животната средина и редови кои ги означуваат приоритетите содржани во планскиот документ.

Вкрстувањето на редовите и колоните опишани во ставот 4 на овој член, формираат квадрати во кои се бележи влијанието кое го извршило реализацијата на одделниот приоритет во соодветната област

Негативното влијание врз животната средина од остварувањето на одделните приоритети се одбележува со 2, 1 и 0, притоа 2 (високо и директно негативно влијание); 1 (средно и индиректно негативно влијание) и 0 (нема негативно влијание).

Индексот на влијание врз животната средина е кумулативно влијание на индикаторот, претставено преку збир на одделните вредности (збир на вредности во еден ред).

Оценувачот ја пополнува Матрицата за анализа на влијанијата на планскиот документ врз животната средина, која изгледа вака:

| Област ► Приоритет▼ | Квалитет на воздух | Потрошувачка на вода | Квалитет на водата | Квалитет на земјата | Промена на биоразличноста | Потрошувачка на енергија | Климатски промени | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

**2.2.2.** Оценувачот подготвува и резиме за влијанијата на планскиот документ, но само за оние приоритети кои се во областа која тој ја покрива.

### 2.3 Подготовка на Информација за влијанијата кои се остварени со спроведувањето на планските документи

После извршеното оценување на влијанието на планскиот документ, аналитичкото резиме се доставува на консултативно разгледување на сите останати оценувачи

Оценувачите доставуваат заклучок до раководителот на експертската група, во којшто се наведуваат нивните констатации и забелешки на направенатоценка на влијанието на документот

Врз основа на аналитичките резимеа за одделените области и заклучоците по нив се подготвува Информација за оценување на влијанието на планскиот документ
Информацијата за за оценување на влијанието на планскиот документ ја подготвува раководителот на експертската група во координација со оценувачите